Број: 02 - 10434/2
21.10.2010 година
С к о п ј е

ЗАПИСНИК
од LXXXIV -та седница на Управниот одбор на
Фондот за здравствено осигурување на Македонија,

одржана на на 21.07.2010 година со почеток во 12.00 часот
во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

**Присутни членови на Управниот одбор:**

- Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател (делумно присутна);
- Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;
- Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;
- М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;
- Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.

**Отсутни членови на Управниот одбор:**

- Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;
- Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.

**Присутни од ФЗОМ:**

- М-р Маја Парнарциева - Змејкова, директор на ФЗОМ;

- *Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии (делумно присутна);*
- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи;*
- *Соња Златановска, републички контролор инспектор во секторот за фармација (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*Седницата ја отвори претседателката на Управниот одбор Елена Трпковска. Утврди дека на седницата се присутни пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, по што го изложи претходно доставениот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д*

1. *Одлука за утврдување на изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2010 година;*
2. *Анализа на остварување на видот и обемот на здравствени услуги на јавните здравствени установи за првиот квартал на 2010 година;*
3. *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*
4. *Правилник за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
5. *Правилник за овластувањата и начинот на работа на контролата на Фондот за здравствено осигурување;*
6. *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на пакети на завршени епизоди на лекување во специјалистичко - консултативната здравствена заштита -амбулантски;*
7. *Разно.*

*Потоа праша дали има и други предлози во врска со дневниот ред на седницата.*

*Лазар Трајчев предложи Управниот одбор да го разгледа и предлогот за за утврдување на формата и содржината на договорот за обезбедување и плаќање на здравствени услуги во примарната стоматолошка здравствена заштита што Фондот треба да го склучи со Стоматолошкиот клинички центар. Ова оттаму што по последните измени на Законот за здравствената заштита се најде решение за состојбата со вршењето на примарната стоматолошка дејност од Стоматолошкиот клинички центар.*

*Управниот одбор го прифати предлогот, по што едногласно го усвои следниот*

*Д Н Е В Е Н Р Е Д*

1. *Одлука за утврдување на изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2010 година;*
2. *Анализа на остварување на видот и обемот на здравствени услуги на јавните здравствени установи за првиот квартал на 2010 година;*
3. *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*
4. *Правилник за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
5. *Правилник за овластувањата и начинот на работа на контролата на Фондот за здравствено осигурување;*
6. *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на пакети на завршени епизоди на лекување во специјалистичко - консултативната здравствена заштита -амбулантски;*
7. *Одлука за утврдување на формата и содржината на договорот за обезбедување и плаќање на здравствени услуги во примарната стоматолошка здравствена заштита;*
8. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

*ТОЧКА 1 - Одлука за утврдување на изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2010 година*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова најнапред наведе дека оваа точка со придружен материјал ќе се разгледува на секоја седница на Управниот одбор како прва, со цел постојано информирање за остварувањето на приходите и трансферите од буџетот како основа за подобра или полоша ликвидносна состојба на Фондот од месец во месец.*

*Потоа објаснување даде Татјана Лукановска. Наведе дека ликвидноста на Фондот е загрозена и веќе од месец март Фондот доцни со исплатите. Доколку се реализираат средствата како што е предвидено (меѓу 980 и 1050 милиони месечно за придонеси), би требало годината да се заврши со позитива. Меѓутоа, во реалноста тешко дека ќе успееме да ги оствариме овие средства па ако ништо не се смени а се земат во вид и 60-те милиони потребни за инсулини,*

*годинава ќе ја завршиме со 560 милиони долгови. Ова е најконзервативната проценка - 950 милиони придонеси месечно.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова дополни дека од месец април Фондот има сериозни проблеми со исплатите и дека неповолно е тоа што во јавноста се зборува дека Фондот има добиено 1 милијарда денари, а всушност се работи за половина од тој износ. Обесхрабрува и фактот што и во Министерството за финансии не можат да кажат зошто потфрла наплатата на јавните приходи, меѓу нив и на придонесот за здравствено осигурување.*

*Елена Трпковска наведе дека не го поддржува оваа најконзервативно сценарио, наведувајќи дека Фондот влезе во 2010 година со 500 милиони долгови колку што се и сега. Ова покажува дека во 2010 година Фондот работи добро. Добар показател е и подобрата реализација на приходите во јуни споредено со месец мај. Загрижува состојбата со инсулинот со кој наведе дека очекува Фондот да има проблеми и во иднина. Фондот треба да ги менаџира сите неповолни состојби така што да нема негативен одраз на осигурениците.*

*Љубиша Каранфиловски побара дискусијата да се сконцентрира на ребаланасот на буџетот на Фондот.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова објасни дека сакавме да го запознаеме Управниот одбор со сериозната состојба со ликвидноста, и дека заради тоа дека не може да се очекуваат нови средства за распределба кај здравствените установи.*

*Елена Трпковска пак додаде дека не може да се очекува во година кога е најмногу изразена кризата да се расчистат состојбите. Потребно е да се постигне согласност околу тоа да не се распределуваат дополнителни средства и да видиме за што може да се насочат средства. Потребно е средства да се обезбедат за инсулини и за градската болница 8 Септември, а редовно да се следи реализацијата на буџетот на Фондот.*

*Во дискусијата што следеше по излагањето на Елена Трпковска дискутираа сите членови на Управниот одбор. На крајот Управниот одбор едногласно одлучи да се обезбедат средства за градската болница 8 Септември и за инсулини по што донесе и*

***Одлука***
***за утврдување на изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2010 година***

*ТОЧКА 2 - Анализа на остварување на видот и обемот на здравствени услуги на јавните здравствени установи за првиот квартал на 2010 година*

*По расправата во рамките на точката 1, Управниот одбор едногласно ја усвои Анализа на остварување на видот и обемот на здравствени услуги на јавните здравствени установи за првиот квартал на 2010 година.*

*ТОЧКА 3 - Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година*

*По дискусијата по точката 1, Управниот одбор едногласно донесе и*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година***

*По разгледувањето на оваа точка, поради неодложни обврски седницата ја напушти претседателката Елена Трпковска а Управниот одбор продолжи со работа со кворум од четири члена под претседателство на заменикот на претседателот Беким Сали.*

*ТОЧКА 4 - Правилник за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова наведе дека во последните три години се ангажирани 160 лица од кои половина со високо а останатите со средно образование. Од државната ревизија ни беше забележано дека штом ангажманот трае повеќе години, не може да има времен статус туку треба да се трансформира во работен однос на неопределено време. Фондот има проблем со тоа зашто во систематизацијата на работните места овие места не биле антиципирани. Освен ова, во Фондот со подрачните служби има по 2-3 пензионирања месечно, а на местата на пензионираните работите ги извршуваа лицата ангажирани преку агенциите за привремени вработувања. Од наведените причини се предлага усвојување на овој правилник со кој ќе се овозможи привремено ангажираните лица да стапат во работен однос на неопределено време.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно го усвои предложениот*

***Правилник***
***за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*ТОЧКА 5 - Правилник за овластувањата и начинот на работа на контролата на Фондот за здравствено осигурување*

*Лазара Трајчев објасни дека овој правилник веќе беше усвоен од Управниот одбор но од министерот за здравство не беше дадена согласност па тој не влезе во сила. Подоцна текстот беше усогласен со Министерството, па усогласениот текст денес е предложен за усвојување.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот*

***Правилник***
***за овластувањата и начинот на работа на контролата на Фондот за здравствено осигурување***

*ТОЧКА 6 - Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на пакети на завршени епизоди на лекување во специјалистичко - консултативната здравствена заштита -амбулантски*

*Татјана Лукановска наведе дека како резултат на медицинската пракса и укажувањата од здравствените работници изразени преку бројните средби, телефонски јавувања и дописи, комисијата за утврдување на референтни цени на здравствени услуги, ја детектира потребата од изменување и дополнување на постоечките пакети на завршени епизоди на лекување во специјалистичко-консултативна здравствена заштита. Имено, станува збор за дополнување на шест нови пакети (три нови пакети во општите пакети на здравствени услуги кои важат за сите специјалистичко – консултативни дејности и три нови пакети-услуги од дејноста интерна медицина) и измена на референтните цени на две интернистички услуги.*

- *врз основа на потребата за регулирање и евиденција на итните случаи, по барање на Ургентниот центар, покрај општиот ургентен пакет (АСК12) кои ги опфаќа основните услуги се предлага усвојување на два нови специјалистички пакета и тоа (АСК13) Прв животно-згрижувачки пакет и (АСК14) Проширен животно-згрижувачки пакет.*
- *Како резултат на потребата за евиденција и искажување на поголемиот број на контроли кои му се пружаат на пациентот во текот на една епизода на завршено лекување или пак се аплицира медикаментозна терапија над пет пати во тој период, се предлага дополна на пакет што ги*

*содржи овие услуги именуван како (АСК15) Проширен специјалистички пакет со контрола и повеќекратна апликација на медикаментозна терапија над пет пати.*

- *дополна на три услуги од интернистичката дејност како посебни завршени услуги со референтни цени како едни од почесто користени услуги, кои можат да се комбинираат со некој од основните пакети или да се користат посебно (АИМ29, АИМ30 и АИМ31).*
- *Врз основа на анализата и бројните укажувања до Комисијата за утврдување на референтни цени на здравствени услуги, се предлага корекција на референтните цени на интернистичките услуги (АИМ17) Бронхоскопија од 780 денари на 1850 денари; (АИМ20) Гастроскопија од 820 денари на 3.500 денари.*

*Со цел утврдување на една референтна цена за услугата Гастроскопија, потребна е корекција на веќе постоечката референтна цена на оваа услуга утврдена во Одлуката за референтни цени на услуги во болничка здравствена заштита за акутни случаи и истиот предлог е резултат на меѓусебна координација на комисијата за ДСГ и комисијата за утврдување на референтни цени на здравствени услуги.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски***

*и*

***Одлука***
***за изменување и дополнување***
***на Одлуката за утврдување на референтни цени на услуги***
***во болничката здравствена заштита за акутни случаи***

*со кои се извршија предложените измени и дополнувања.*

*ТОЧКА 7 - Одлука за утврдување на формата и содржината на договорот за обезбедување и плаќање на здравствени услуги во примарната стоматолошка здравствена заштита*

*Лазар Трајчев објасни дека со последните измени на Законот за здравствената заштита се најде решение за состојбата со вршењето на примарната стоматолошка дејност од Стоматолошкиот клинички центар. Врз основа на измената, се предлага со Стоматолошкиот клинички центар да се склучи посебен договор за примарна дејност. Ова ќе се применува откако*

*Министерството за здравство ќе даде одобрение за вршење на примарна дејност.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на формата и содржината на договорот за обезбедување и плаќање на здравствени услуги во примарната стоматолошка здравствена заштита***

*со која се утврдува формата и содржината на договорот што Фондот ќе го склучи со Стоматолошкиот клинички центар заради купување на здравствени услуги од областа на примарната стоматолошка здравствена заштита.*

*ТОЧКА 8* - *Разно*

*Бидејќи под точката разно немаше предлози за разгледување, по донесувањето на одлуката од точка 7 дневниот ред беше исцрпен и во 14.00 часот Управниот одбор заврши со работата на LXXXIV -та седница.*

| | |
|---|---|
| ***Записничар,*** | ***Управен одбор*** |
| ***Христо Трповски*** | ***Заменик на претседателот,*** |
| | ***Ирфан Хоџа*** |